Кофинансиран од Европската Унија
ЕВРОПСКА УНИЈА
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

НАЦИОНАЛНО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

# БИЛТЕН

ИНФОРМИРАЈ СЕ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

| Август 2025 | Издание бр.3

## БЕСПЛАТНАТА ПРАВНА ПОМОШ ВО 2024 НИЗ БРОЈКИ

Анализа на податоците за примената на Законот за бесплатна правна помош за 2024

Примарна правна помош

| Даватели на примарна правна помош | 2023 | 2024 |
|---|---|---|
| Подрачни одделенија на Министерството за правда | 2.909 | 2.670 |
| Овластени здруженија | 2.333 | 2.302 |
| Правни клиники | 254 | 58 |
| Вкупен број лица кои добиле примарна правна помош | 5.496 | 5.030 |

Секундарна правна помош

| Статистички податоци за бројот на поднесени барања | 2023 | 2024 |
|---|---|---|
| Број на поднесени барања | 280 | 230 |
| Број на одобрени барања | 218 | 174 |
| Број на одбиени барања | 44 | 40 |
| Број на донесени решение со кое се прекинува одобрената секундарна правна помош | 6 | 5 |

Според податоците добиени од Министерството за правда, во 2024 се забележува намалување на бројот на лица кои бараат како примарна така и секундарна правна помош. Во споредба со 2023, бројот на лица кои побарале примарна правна помош е намален за 8.5% додека бројот на поднесени барања за секундарна правна помош е намален за речиси 18%. Ваквото намалување на податоците како тренд започна од 2022 и може да се припише на повеќе фактори. Ограничениот пристап на ЗБПП во однос на правните прашања, недоволната запознаеност на граѓаните како и сеопфатната недоверба во институциите имаат влијание дали одредено лице ќе се одлучи да побара или не бесплатна правна помош. Податоците загрижуваат и неопходна е анализа на причините за намалувањето на интересот на граѓаните, особено кога ќе се споредат податоците со други држави каде постојат системи на бесплатна правна помош.

Во овој билтен ќе читате:

1 Бесплатната правна помош во 2024 низ бројки

2 Вештачењата и бесплатната правна помош

3 Започна со работа Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство?

4 Кон потребата од измена и дополнување на Закон за бесплатна правна помош

5 Воспоставување единствен систем за бесплатна правна помош во кривични и граѓански постапки

6 Улогата на Националното координативно тело во 2023 и 2024

7 Обуката на давателите на бесплатна правна помош – Клуч за гарантирање квалитет на правната помош

# ВЕШТАЧЕЊАТА И БЕСПЛАТНАТА ПРАВНА ПОМОШ

## Кон обезбедување пристап до бесплатни услуги од вештак за лицата на кои им е одобрена секундарна правна помош

Законот за бесплатна правна помош од 2019 за прв пат воведе можност лицата на кои им е одобрена секундарна правна помош да имаат право и на бесплатна изработка на вешт наод и мислење. Со оваа реформа се надмина една од клучните слабости на претходниот закон. Пристапот до вештак е од суштествено значење за успех во голем дел од граѓанските постапки. Решението кое беше применето е овие услуги да ги обезбедува Бирото за судски вештачења. Секое лице, на кое по проверка на неговата имотна состојба и на оправданоста на неговото барање за секундарна правна помош, со потврдата со која му се признава правото, се стекнуваше и со право да бара од Бирото за судски вештачења услуги од вешти лица. Трошоците за извршените услуги од страна на Бирото за судски вештачења ги покриваше Министерството за правда од буџетот за бесплатна правна помош. На овој начин, значителен број лица се стекнаа со право да водат постапки за да ги заштитат своите права во постапки пред суд. Во 2023 беше донесен нов Закон за вештачење со кој меѓу другото Бирото за судски вештачења како такво престана да постои, односно се трансформираше во Биро за процена и престана да врши вештачења.

Со оваа реформа, одредбата од Законот за бесплатна правна помош според која вештачењата можеше да ги врши само Бирото за судски вештачења стана неприменлива. Законот за вештачење иако уреди дека вештачењата извршени во предмети од бесплатна правна помош се наплатуваат со намален износ, односно во висина за 40% пониска од пропишаната, сепак не даде одговор кој ќе ги врши вештачењата. За да се адресира проблемот во 2024 се измени и дополни Законот за бесплатна правна помош заради негово усогласување со Законот за вештачење. Со измените се уреди дека сите лица кои имаат лиценца за вршење вештачење ќе може да вршат вештачење во предмети за кои е одобрена бесплатна правна помош. Дополнително се на јасен начин уредени обврските на вештакот како и постапката за исплата на наградата и трошоците на вештаците. Со донесувањето на неопходниот подзаконски акти од страна на Министерството за правда се очекува да започне да се применуваат овие измени и да се обезбеди пристап до вештак за лицата на кои е одобрена секундарна правна помош.

# ЗАПОЧНА СО РАБОТА КОМИСИЈАТА ЗА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК НА ЖРТВИ ОД КРИВИЧНО ДЕЛО СО НАСИЛСТВО

## Која е улогата на давателите на примарна правна помош?

Во февруари 2024 година започна со работата Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство. Со формирањето на ова тело во значителна мерка се воспоставија предусловите за примената на Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство. Овој закон предвиде право на жртвите на кривични дела со насилство на паричен надоместок поради последиците кои ги претрпеле како резултат на кривичното дело. Предуслов за да се оствари ова право е кривичното дело да е евидентирано или пријавено во полициска станица или во јавното обвинителство. Правото на паричен надоместок им следува на жртвите, без оглед дали сторителот на кривичното дело е познат и без оглед дали против сторителот на кривичното дело е поведена кривична постапка, или, пак, постојат фактички или правни пречки за водење кривична постапка.

Висината на паричниот надоместок може да изнесува

- за трошоци за лекување и медицински помагала (максимален износ до 2.000 евра во денарска противвредност)
- за изгубена заработувачка (максимален износ до 2.000 евра во денарска противвредност),
- трошоци за погреб (само доколку не сте ги наплатиле по друга основа),
- изгубена издршка (максимален износ од 4.500 евра во денарска противвредност), и
- солидарна помош за претрпени последици од кривичното дело (максимален износ до 500 евра во денарска противвредност).

Износот на паричниот надоместок кои можат да го добијат по сите видови, не може да го надмине износот од вкупно 5.000 евра во денарска противвредност.
Постапката се поведува со поднесување на писмено барање до Комисијата за паричен која одлучува по барањето. Доколку жртвата е дете или нема деловна способност, барањето ќе се поднесе до Комисијата од страна на родителот, старателот или од полномошникот. Кон барањето се доставуваат и документи кои се неопходни за одлучување. Повеќе информации за постапката се достапни на веб страницата на Комисијата (https://komisijazanadomestoknazrtvi.mk/).
Во текот на постапката за остварување на правото на паричен надоместок лицата имаат право на бесплатна правна помош кое вклучува и помош при пополнување на барањето за остварување на паричен надоместок. Сите заинтересирани лица може да се обратат до овластените службени лица од подрачните одделенија на Министерството за правда, овластените здруженија или правните клиники.

# ПРАВНА РАМКА ЗРЕЛА ЗА РЕФОРМИ И НЕДОВОЛНО ЕФИКАСЕН СИСТЕМ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

## Покрај законски неопходно е и институционално реконструирање на системот за бесплатна правна помош

Националното координативно тело за спроведување на Законот за бесплатна правна помош во повеќе наврати расправаше и укажуваше на потребата од унапредување како на законската, така и на институционалната рамка на системот за бесплатна правна помош. Во октомври 2023 телото испрати официјално писмо до Министерството за правда со кое побара започнување на транспарентен и инклузивен процес за измена и дополнување на Законот за бесплатна правна помош. Во писмото беа идентификувани и клучните проблеми кои треба да се адресираат со законските измени. Во 2025 година, законот ќе влезе во шестата година од неговото спроведување и затоа се јавува потреба од детална анализа на законската рамка и особено нејзината примена заради утврдување на насоките на идната реформа. Акцискиот план кон Развојната секторска стратегија за правосудство 2024 - 2028 ги одредува контурите на идната измена на законот која треба да вклучува:

- Усогласување со стандардите за пристап правна помош на Советот на Европа,

- Усогласување со Директивата на ЕУ за правата на жртвите 2012/29/EU,

- Вклучување на постапки пред нотар, извршител и медијатор како постапки за кои може да се одобри бесплатна правна помош и

- Воспоставување правен основ за работа на националното координативно тело за БПП.

Покрај законските измени, Националното координативно тело идентификуваше и низа предизвици во однос на институционалната поставеност на системот како и укажа загриженост за недоволните човечки и технички ресурси како во Одделението за бесплатна правна помош, така и во дел од подрачните одделенија. Дополнително, организациската поставеност во кое Одделението за бесплатна правна помош кое треба да управува со системот за бесплатна правна помош не е хиерархиски надредено над подрачните одделенија не може да одговори на предизвикот за ефикасна примена на ЗБПП. Постојното решение според кое работите поврзани со бесплатната правна помош ги врши одделение во рамки на Сектор за бесплатна правна помош и политички систем се покажа како несоодветно. Најпрвин поврзувањето на две, суштински различни прашања како што е бесплатната правна помош од една, со работите поврзани со политичкиот систем е вештачко спојување на целосно различни теми. Работењето на овие две теми бара целосно различни знаења и вештини што влијае негативно на човечките капацитети со кои располага Министерството за правда.

# ВОСПОСТАВУВАЊЕ ЕДИНСТВЕН СИСТЕМ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО КРИВИЧНИ И ГРАЃАНСКИ ПОСТАПКИ

Можности и предизвици

Експертски тим на Советот на Европа како една од мерките за зајакнување на ефикасноста на бесплатната правна помош во Северна Македонија предложи формирање на единствено тело – Агенција за бесплатна правна помош – кое ќе управува со целиот систем на правна помош како во кривични, така и во граѓански и управни прашања. Реформата, иако вклучува основање на нов орган, нема да има значителни импликации од причина што идејата е да се искористат човечките ресурси кои веќе постојат во подрачните одделенија на Министерството за правда. Агенцијата се очекува да ги реши прашањата (подобрување на пристапноста и брзото процесирање на барањата за правна помош); да го намали товарот на судиите за назначување на адвокати; да ја гарантира транспарентноста и јасноста за адвокатите), да внесе иновации (ќе посвети внимание на пристапноста, функционалноста на постапките и квалитетот на испорачаната правна помош), да се фокусира на усогласеноста на законодавството и практиките со меѓународните и европските стандарди, со цел постигнување на ефикасен и ефективен систем на правна помош кој го олеснува пристапот до правдата за луѓето на кои им е потребна.

Телото би било основано со закон како самостоен и независен државен орган, модел кој веќе постои во повеќе случаи. Органот би бил управуван и надгледуван од независен управен одбор кој ќе ја следи работата на директорот и седумте нови сектори низ целиот систем, плус мрежата на подрачни одделенија. Тоа значи дека ќе биде одвоен од Владата и ослободен од ограничувањата кои досега ги имаше поради фактот што беше само одделение во рамките на Министерството за правда, но сепак со потребните заштитни мерки ќе се задржи во јавниот домен. Овој орган ќе биде целосно отчетен пред владата, засегнатите страни во правниот и граѓанскиот сектор, и што е најважно пред граѓаните на Северна Македонија.
Услугата за клиентите ќе биде негов главен приоритет. Неговата независност ќе овозможи подобро управување, поиновативен и покреативен пристап, подобрена реакција кон општеството кое континуирано се менува и силни вредности фокусирани на еднаквоста и услуги. Бесплатната правна помош во кривичната, граѓанската и управната област ќе функционираат кохерентно како единствен здружен систем.

# НАЦИОНАЛНОТО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО АКТИВНО УЧЕСТВУВАШЕ ВО УКАЖУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ ПРИ ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

## Клучни заклучоци и препораки

Во изминатиот период Националното координативно тело на состаноците активно расправаше за предизвиците со кои се соочуваат давателите на бесплатна правна помош, корисниците на ова право и секако Министерството за правда. На состаноците активно учествуваа сите чинители на системот, а по потреба беа поканети и претставници на посебни институции. НКТ преку своите заклучоци правеше обид да ја унапреди примената на Законот за бесплатна правна помош како и да укаже на можните мерки за адресирање на идентификуваните проблеми и предизвици. Прашањата за кои НКТ донесе свои заклучоци се однесуваа меѓудругото и на:

- Проблемот со невоедначената пракса за покривањето на трошоците на привремените застапници кои се неопходни кога живеалиштето на тужениот е непознато, а за кое е неопходно да се исплатат трошоците на адвокати кои вообичаено ја вршат оваа функција. За да се реши овол проблем неопходно е законско уредување во Законот за бесплатна правна помош.

- НКТ го повика Министерството за правда да го применува членот 49 од ЗБПП според кој алинеите од членот 8 од стариот ЗБПП од 2009 се сеуште во сила со цел да се обезбеди пристап до правна помош во кривични постапки за жртвите на кривични дела и на трговија со луѓе.

- Се препорачува Министерството за правда, врз основа на Договорот од 2013 година, да набави дигитални сертификати и да ја извести Агенцијата за Катастар на недвижности дека има потреба од зголемен број на корисници на апликацијата и да ги пополни сите формулари и изјави неопходни за започнување во процесот. За да се олесни и забрза процесот на одлучување се препорачува пристап до апликацијата да имаат сите овластени службени лица, а не само едно или две лица.

- НКТ изрази жалење заради тоа што втора година по ред не се применува одредбата од член 11 од Законот за бесплатна правна помош и не се објавува повик за финансирање на активности на давателите на примарна правна помош. Овие средства се од суштествено значење за обезбедување на одржливост на помалите здруженија и правни клиники. Недоделувањето на средства на среден рок ќе влијае со намален интерес на здруженијата и правните клиники да бидат дел од системот на бесплатна правна помош.

- НКТ укажа на потребата од итно преземање соодветни мерки за да се зголеми бројот на овластени службени лица кои ќе постапуваат и ќе одлучуваат по барањата за секундарна правна помош на ниво на град Скопје. Сегашната состојба во која само едно лице одлучува по барањата е неодржлива и ќе резултира со подолго траење на постапките. Може да се овластат нови лица или пак предметите да се препраќаат на одлучување по електронски пат до помалку оптоварените подрачни одделенија, притоа внимавајќи да се одлучува во законски определениот рок.

- НКТ упати повик за зајакнување на човечките капацитети на Одделението за бесплатна правна помош како суштински предуслов за издигање на ниво на самостоен Сектор за бесплатна правна помош. Обемот на работа кој паѓа на вработените во Одделението за бесплатна правна помош, особено од започнувањето со примената на ЗБПП од 2019, е значително зголемен. Со постојниот број вработени во одделението не може да се обезбеди квалитетно, ефикасно и ефективно извршување на работните задачи кои произлегуваат од ЗБПП. Неопходно е да постои јасна хиерархија помеѓу подрачните одделенија од една страна, и одделението за бесплатна правна помош.



# ОБУКАТА НА ДАВАТЕЛИТЕ НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ – КЛУЧ ЗА ГАРАНТИРАЊЕ КВАЛИТЕТ НА ПРАВНАТА ПОМОШ

## Одржани тренинг за тренери и каскадни обуки за адвокати, овластени здруженија и правни клиники

Во текот на 2024 и првата половина од 2025, Програмската канцеларија на Советот на Европа спроведе сеопфатна програма за зајакнување на капацитетите на давателите на бесплатната правна помош, како адвокатите од една страна, така и здруженијата и правните клиники од друга страна. Програмата опфаќаше две обуки за обучувачи, една за адвокати, а друга за овластени здруженија и правни клиники. Со обуките за обучувачи се обучија професионалци кои понатаму своето знаење го пренесоа на своите колеги на низа од пет т.н. каскадни обуки.



5th cascade training/ Петта каскадна обука

Обуката за обучувачи за адвокати се одржа од 22 до 26 јануари 2024 во просториите на Адвокатската комора во Скопје додека обуката за обучувачи од редот на овластените здруженија и правните клиники се одржа од 15 до 19 април 2024 во просториите на Правниот факултет при УГД – Штип. Преку обуките за обучувачи, учесниците се стекнаа со знаења и вештини како за прашањата поврзани со бесплатната правна помош така и со вештини за презентирање и за спроведување на обука што е суштествено за воспоставување на одржлив систем за пренос на знаење

Дел од учесниците на обуките за обучувачи на 3 јули, на 5 и 6 декември 2024 година, 8-9 мај и 12-13 јуни 2025 одржаа пет каскадни обуки за адвокати кои обезбедуваат секундарна правна помош. Обуките ги зајакнаа адвокатите со практични знаења за да го зголемат квалитетот на секундарната правна помош која ја обезбедуваат. Следејќи ја истата програма, приспособена за потребите на правните клиники беа одржани и две каскадни обуки во Штип на 16 декември 2024 и на 4 април 2025 во Битола. Во текот на обуката, студентите се занимаваа со практични вежби и студии на случаи, помагајќи да се премости јазот помеѓу теоријата и практиката. Тие ги истражуваа клучните теми за бесплатна правна помош, вклучително и разликата помеѓу примарна и секундарна правна помош и обезбедување поддршка во случаи кои вклучуваат семејно и родово-базирано насилство, како и случаи поврзани со деца.




4th cascade training/ Четврта каскадна обука




## ЗА БИЛТЕНОТ

Билтен е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторите. Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа